Outlook

## Fw: Барање за пристап до информации од јавен карактер

**From** DKZ kontakt <contact@dkz.mk>
**Date** Wed 4/2/2025 11:23 AM
**To** Daniela Simonovski <daniela.simonovski@dkz.mk>; Daniela Radik <daniela.radik@dkz.mk>

1 attachment (79 KB)
Барање до Државна комисија 02.04.2025.pdf;

---

**From:** [redacted]
**Sent:** Wednesday, April 2, 2025 10:52 AM
**To:** DKZ kontakt <contact@dkz.mk>
**Subject:** Барање за пристап до информации од јавен карактер

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonise se Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shteteror per Vendimmarrje në Procedure Administrative Procedurë të Marrëdhënies së Punese dhe Mbikeqyrjes Inspektuese ne Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено Pranuar: 02.04.2025 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005 | 571 | | |

**До:** **<u>Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен</u>**

(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: <u>Барање за информации од јавен карактер се однесуваат на прашањето:</u>

<u>1.Лицата [redacted] преку Полномошник [redacted] на ден 16.12.2024 година до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, поднесоа Жалба против Агенција за заштита на лични податоци согласно член 111 од Закон за општа управна постапка поради молчење на аднииминстрација и непостапување и неносење на соодветен управен акт-решение врз основа на поднесено барање. Од ваша страна по поднесената Жалба воопшто не бевме информирани дали по жалбата е постапено во соодветен законски рок од 60 дена од денот на поднесувањето, за да на ден 25.02.2025 година поднесеме барање за пристап до информации од јавен карактер, за да по истото само не известите дека информации можеме да ги добиеме согласно одредби од други материјални закони. Затоа прашуваме дали поднесената жалба ја земавте во работа кога поднесовме до вас барање за пристап до информации од јавен карактер на ден 25.02.2025 година или претходно без разлика што во Решение број: 1108-712 донесено на ден 28.02.2025 година наведувате дека со допис Уп бр. 1108-712/2024, сте се обратиле до првостепениот орган на ден 23.12.2024 година со цел правилно и целосно утврдување на фактичка состојба?</u>

<u>2. Зошто сте го земале во предвид при носење на Решение бр. 1108-712 од 28.02.205 година наводот на првостепениот орган дека со Известувањето Уп1 бр. 08-245 од 08.01.2025 година доставено до вас на ден 14.01.2025 година кој орган ја наведува состојбата со донесеното Решение уп1 бр. 08-245 од 03.10.2024 година, без при тоа да барате од првостепениот суд да се изјасни за она за што конкретно се однесува поднесената жалба а тоа е молчење и не носење на управен акт Решение во случај кога жалителите се имаат обратено до Агенцијата за заштита на личните податоц со барање истиот да донесе Решение согласно ЗОУП, бидејќи претходно Агенцијата има до барателите доставено само Известување бр. **09-1081/4** од **24.10.2023** година, а согласно член 4 од ЗОУП Известувањето воопшто не е управен акт против кој може да се поведе управен спор, како што тврди првостепениот орган за да во случај постапува и одлучува Управниот суд на РСМ. Зошто согласно ваша законска надлежност и обврска не сте му наложиле на првостепениот орган да донесе управен акт Решение согласно барањето за кое донел само Известување бр. **09-1081/4** од **24.10.2023** година, кое не претставува упрвен акт за да се поведе управен спор, туку само сте го земале во предвид при одлучување Решението Уп1 бр. 08-245 од 03.10.2024 година?</u>

<u>3. Ако е така како што наведувате дека во Закон за заштита на личните податоци не е предвидена надлежност за постапување на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, тогаш зошто веднаш по првичното разгледување на наводите во жалбата истата не сте ја отфрлиле туку со допис сте се обратиле до првостепениот орган и дека истиот ве манипулира и лаже и вие тоа го земате како мeродавно за да носите Решение, со кое жалбата ја отфрлате без притоа да наведете поради кој основ истата ја отфрлате, дали како што наведувате дека како орган не сте надлежни да постапувате по истата, прашуваме зошто во тој случај веднаш не сте донеле заклучок со кој ќе ја отфрлите поради ненадлежност?</u>

<u>4. Претседател на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен [redacted] од кој датум е именуван за Претседател на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, на кој јавен конкурс се има пријавено и е избран за Претседател на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен (бараме да ни се достави фотокопија од одлука и решение за негово именување и поставување). Дали на тој конкурс имало пријавено и други кандидати и дали тој имал најдобри квалификации за да биде избран како најдобар кандидат за Претседател на</u>

Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, дали има и каде претходно стекнато работно искуство пред да биде именувана за Претседател на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Со каков степен на образование и квалификација се има досега стекнато, каде го стекнал своето образование на кој Универзитет и Факултет, дали има завршено седми степен VII/1 на високо образование дали има стекнато 300 кредити според ЕКТС, колку вкупно има работен стаж и каде има се работено претходно пред да работи и биде именуван за Претседател на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Дали во моментот на именување за Директор на Агенцијата поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години: - ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода, - ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,- БУЛАТС (BULATS)-најмалку 60 бода, - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и од која институција или правен субјект истиот е издаден.Со какви дополнителни квалификации се има стекнато лицето Илче Мушаревски дали има положено било какви други дополнителни испити и кои се тие. На лицето Илче Мушаревски за месец јануари 2025 година во колкав вкупен износ му е исплатена нето плата заедно со сите додатоци на плата ако му се исплатени?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во 02.04.2025, година .** [redacted]

______________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор втор степен**

17.04 2025

**Архивски број:** 1005-571/2

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ“ бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за пристап од информации од јавен карактер поднесено по електронски од [redacted] од Скопје во точка 1, 2 и 3 **СЕ УВАЖУВА**.
2. Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено по елекронски пат од лицето [redacted] во точката 4 кое се однесува на износ на плата на претседателот на Државната комисија СЕ УВАЖУВА .
3. Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено по електронски пат од лицето [redacted] во точката 4 кое се однесува на изборот на претседател на Државната комисија се препраќа во надлежност.
4. Бараната информација од точка 1 и 2 на ова решение ќе биде доставена на начин како што е наведено во барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Образложение**

На ден 02.04.2025 г. од страна на [redacted] по електронски пат доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер и заведено под број 1005-571/1. Во самото барање е наведено дека Барањето од јавен карактер се однесува на следниве прашања:

1. Лицата [redacted] на ден 16.12.2024 г. до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен поднеле жалба против Агенција за заштита на личните податоци поради молчење на администрација и непостапуваање и


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

неносење на соодветен управен акт- решение врз основа на поднесено барање. Подносителите на барањето прашуваат дали поднесената жалба била земена во работа по поднесување на барањето за пристап до информации од јавен карактер на ден 25.02.2025 г.

2. Зошто Државната комисија го зела при носење на Решението број 1108-712 од 28.02.2025 г. наводот на првостепениот орган дека со Известувањето УП1.бр.08-245 од 08.01.2025 г. ја наведува состојбата со донесеното Решение Уп1.бр.08-245 од 03.10.2024 г. , без притоа Државната комисија да бара од првостепениот орган да се изјасни за она за што конкретно се однесува поднесената жалба. Прашањето е зошто Државната комисија не му наложила на првостепениот орган да донесе управен акт Решение согласно барањето за кое донел само Известување бр.09-1081/4 од 24.10.2023 кое не претставува управен акт туку само сте го земале во предвид при одлучување Решението Уп1.бр.08-245 од 03.10.2024 г.
3. Зошто Државната комисија веднаш не донела заклучок со кој ќе ја отфрлите поднесената жалба заради ненадлежност, туку комисија со допис се обратила до надлежен првостепен орган?
4. Претседателот на Државната комисија од кој датум е именувана за претседател, на кој јавен конкурс се има пријавено и е избран за претседател, како и други информации. Притоа, бараат да им се достави фотокопија од одлука и решение за негово именување и постапување.

Постапувајќи по барањето, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен ја дава следнава информација:

1. Жалбата поднесена од Ваша страна на ден 17.12.2024 г.е доставена до Државната комисија и заведена под број 1108-712. Со оглед на тоа што се работи за жалба која е непосредно доставена, вработените во архивата и писарницата на Државната комисија на ден 23.12.2024 г. со административно писмо за доуредување на списи се обрати до надлежен првостепен орган за доставување на списите по предметот. По изготвување на дописот, предметот веднаш се задолжува за работа кај стручната служба на Државната комисија;
2. При носење на Решението Уп.бр.1108-712, Државната комисија не го зела само предвид Известувањето со број Уп1.бр08-245 од 08.01.2025 г. на Агенција за заштита на лични податоци, туку и списите по предметот кои се доставени заедно со самото Известување од Агенцијата за заштита на лични податоци. Притоа, доставено е Решение УП1.бр.08-245 од 04.12.2025 г, со кое барањето заведено под број УП1.бр.08-245 од 03.10.2024 г. поднесено од [redacted] се отфрла. Од ова произлегува дека првостепениот орган постапил по поднесеното барање со донесување на Решение Уп1.бр.08-245 од 04.12.2024 г.
3. Државната комисија за да може да постапи по одредена жалба потребно е да располага со списите по предметот. Со оглед на тоа што во конкретниот случај се работи за жалба која е непосредно доставена, како што е веќе наведено,

Државната комисија со допис се обрати до надлежен првостепен орган, со цел правилно да ја утврди фактичката состојба и да утврди дали по конкретен предмет има стварна надлежност да постапува. Исто така, треба да се земе во предвид и фактот дека Државната комисија по предметите постапува по хронолошки редослед;

4. Месечниот износ на плата на претседателот на Државната комисија е со коефициент од 2,69 со основица за пресметка на плата за избрани и именувани лица во Република Северна Македонија во износ од 61.984,00 денари или во бруто износ без пресметан минат труд 166.737,00 денари, односно во нето износ без минат труд месечниот износ на плата на претседателот изнесува 109.072,00 денари.

Во останатиот дел од точка 4 од поднесеното Барање, Државната комисија истото ќе го проследи до Собрание на РСМ , како надлежен орган за објавување на оглас за избор на претседател и членови на Државната комисија, како и за вршење на избор на претседател и членови.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Претседател**
**Илче Мушаревски**

Изготвил: Наталија С.Филипова

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

17.04 2025 година

**Архивски број:** 1005-571/3

**До:** [redacted]

**Предмет: Доставување**

Почитуван,

Во прилог на ова Известување, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен Ви го доставува Решението со кое комисијата постапи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од Ваша страна.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Прилог: Решение (оригинал)

Изготвил: Наталија С. Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

Република Северна Македонија
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

17.04 2025 година

**Архивски број:** 1005 - 571/4

**До: Собрание на Република Северна Македонија**

**Предмет: Препраќање на дел од барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Постапувајќи по Барањето за информации од јавен карактер поднесено од [redacted] Државната комисија позитивно одговори во делот на точката 1,2 и 3 од Барањето. Делот од точката 4 од Барањето, каде што Државната комисија не располага со бараните информации, согласно член 18 од Законот за информации од јавен карактер, Барањето за пристап до информации од јавен карактер во делот од точка 4 од истото Ви го доставува на надлежност, со цел да доставите одговор до подносителот.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Прилог: Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] фотокопија)
Изготвил: Наталија С. Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

Outlook

## Fw: Прашање

**From** DKZ kontakt <contact@dkz.mk>
**Date** Thu 4/24/2025 11:25 AM
**To** Daniela Simonovski <daniela.simonovski@dkz.mk>; Daniela Radik <daniela.radik@dkz.mk>

---

**From:** [redacted]m>
**Sent:** Thursday, April 24, 2025 11:15 AM
**To:** DKZ kontakt <contact@dkz.mk>
**Subject:** Прашање

Почитувани како барател [redacted] на ден 02.04.2025 година преку електрнска пошта до вас пратив Барање за пристап до информации од јавен карактер, така да прашањето ми е дали го имате добиено барањето и ако го имате добиено барањето зошто суште немаме добиено одговор по истото од ваша страна, дали имате намера да одговорите по истото бидејќи законкиот рок за одговор е 20 дена од денот на приемот на барањето кој е истелен и ако во наредните денови не добиеме одговор од вас согласно барањето ќе бидеме приморани да го искористиме нашето законски право на жалба до Агенција за заштита на слободен пристап до информации од јавен карактер?

Со Почит [redacted]

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedure Administrative, Procedurë të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 24.04.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005 | 571/5 | | |

Арх. знак/Shenja arkivore ____
Рок на чување/Afati i ruajtjes ____
____ 20__ год./Viti
Потпис/Nënshkrimi

Република Северна Македонија
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

25.04 2025 година

Архивски број: 1005-571/6

До: [redacted]

Предмет: Известување

Почитувани,

Во врска со Вашето прашање доставено по електронски пат до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор, Ве известуваме за следново:

Постапувајќи по Вашето барање, Државната комисија донесе Решение број 1005-571/2 од 17.04.2025 г. со кое постапи по Вашето барање за пристап до информации од јавен каратер, кое истиот ден по пошта е пратено до Вас.

Во прилог на ова Известување, Ви го доставуваме Решението со број 1005-571/2 од 17.04.2025 година, заедно со дописот број 1005-571/3 од 17.04.2025 г.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Прилог: Решение број 1005-571/2 од 17.04.2025 г.

Изготвил:Наталија С.Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk